# Биографија

Орце Симов е роден во Делчево на 27.10.1974 година. Живеел во Македонска Каменица каде завршил основно образование 1989 година во основното училиште „Свети Кирил и Методиј“. Во текот на школувањето во основното училиште учествувал и освоил повеќе награди на општински, републички и сојузни натпревари по математика и физика. Во 1989 година под менторство на наставникот Симо Младеновски освоил максимални 100 поени на Републичкиот натпревар по физика, одржан во Битола и бил најдобар учесник, а потоа и на сојузниот натпревар одржан во Колашин, Црна Гора освоил 2 награда, единствена од тимот на Македонија. Во 1993 година во Средното општинско училиште „Љупчо Сантов“ во Кочани завршил средно образование. Во текот на школувањето во средното училиште исто така учествувал на натпревари од предметите математика, физика и информатика на кои освоил повеќе награди на општински и републички натпревари. Понатаму, со своето образование продолжил на Електротехничкиот факултет во Скопје, каде во ноември 1998 година со одбрана на својата дипломска работа под наслов „Мобилни агенти“ го звршил факултетот на насоката Компјутерска техника, информатика и автоматика. Веднаш потоа се запишал на постдипломски студии во полето Компјутерски науки и генетски инженеринг. Постдипломските студии биле организирани од МАНУ од страна на Академик Георги Ефремов и повеќе професори од повеќе факултети од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. На тие постдипломски студии од мултидисциплинарна природа, за прв пат од таков вид организирани во Македонија се запишале 20 тина студенти од различни факултети. Орце Симов се запишал на нив по препорака од проф. Стево Божиновски од Електротехничкиот факултет, кој му бил ментор за дипломската работа, а и дел од групата професори кои биле вклучени во постдипломските студии. Во октомври 2001 година Орце Симов ја одбранил магистерската работа која била со наслов „Компјутерска симулација на контролни процеси кај РНА синтеза во прокариотски клетки“. Во септември 2010 година ја одбранил својата докторска дисертација на тема „Моделирање и компјутерска симулација на генетски регулаторни мрежи“, под менторство на проф. Билјана Перчинкова.

При крајот на 80-тите години и почетокот на 90-тите години од минатиот век, уште како средношколец започнал со работа и ги направил првите софтвери за Рудник Саса, за јамомерска служба. Во тој период за работа на тие софвери изработил и сопствена база на податоци. Понатаму во текот на студирањето, во средината на деведесетите години Орце Симов ги организирал првите курсеви за компјутери во градовите Кочани, Виница, Македонска Каменица и Делчево, кои ги посетиле над 500 учесници. Во тој период под негово раководство функционирале и неколку Интернет кафеа во истите градови, во кои

луѓето можеле да користат Интернет услуги. Во текот на студирањето изработувал и софтвери за повеќе намени. Некои од позначајните софтвери се од областа на вештачка интелигенција и теорија на хаос. Од областа на вештачка интелигенција бил изработен софтвер кој разбирал македонски јазик до одредено ниво и можел да извршува разни активности преку зададени команди на човечки, македонски јазик. Била изработена и невронска мрежа која можела да учи.

По завршувањето на факултетот ја основал компанијата Компјунет Инженеринг, а се вработил и во Фондот за здравство на Македонија. Во 1999 година бил претседател на комитетот за решавање на милениумскиот проблем во здравството. Под негово раководство биле изработени софверските решенија за поддршка на реформите во примарна здравствена заштита, капитација, ЛУ1, ЛУ2 и други области, со вработени од Фондот, без тендери и без ангажирање на надворешни фирми. Во тој период исто така под негово раководство била поставена и првата VPN мрежа во Македонија со која 30-те подрачни служби на Фондот за здравство биле поврзани со централата во еден ИТ систем. Потоа продолжил со работни ангажмани во компаниите Компјунет инженеринг, Комтел ком и Ка-софт плус. Компјунет инженеринг и Комтел ком биле меѓу првите компании во Македонија кои склучиле договор за пристап на мрежа со Македонски телеком во 2005 година и меѓу првите понудиле поволни телекомуникациски услуги на македонскиот пазар. Компанијата Компјунет инженеринг работела во сферата на телекомуникациите од 2005 до крајот на 2014 година. Понатаму кариерата ја продолжил во академската средина како професор на неколку факултети за информатика. Во 2010 година и во 2011 година Орце Симов бил избран во звањето доцент на 2 различни факултети. Неколку учебни години во тој период предавал предемти на Институтот за информатика на Природно математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Факултетот за информатика при МИТ универзитет и на Факултетот за информатика при Меѓународен славјански универзитет, истовремено. Еден мандат бил декан на Факултетот за информатика при МИТ универзитет, каде претходно бил проректор за научно-истражувачка работа. Во 2016 година бил избран во звањето вонреден професор, а во 2021 година во звањето редовен професор. Два мандати бил декан на Факултетот за информатика при Меѓународен славјански универзитет. Во својата академска кариера има издадено повеќе научни трудови објавени во релевантни меѓународни конференции и списанија. Во целиот тој период паралелно работел во компанијата Компјунет инженеринг на многу проекти од областа на информационите системи, зградната автоматизација и индустриската автоматизација. Има изработено многу стручни трудови и проекти од овие области како за домашниот, така и за глобалниот пазар. Досега има издадено четири книги, првата со наслов „Регулација на синтеза на протеини во прокариотски клетки“, втората со

наслов „Моделирање и компјутерска симулација на генетски регулаторни мрежи“, третата книга со наслов „Основи на C++ програмски јазик со задачи, алгоритми и решенија.“, четвртата со наслов „Алгоритми и структури на податоци со имплементација во Јава“.

Во 2010 година Компјунет инженеринг го добива првиот статус на KNX партнер во државата. Во 2011 година  Компјунет инженеринг добива статус на сертифициран тренинг центар од KNX асоцијацијата од Брисел. Во тренинг центарот се одржани многу тренинзи за доминантниот KNX протокол  за зградна автоматизација за учесници од Македонија, Бугарија, Косово, Албанија, Швајцарија, Германија и Естонија. Орце Симов е сертифициран инструктор и носител на правото за одржување на тие тренинзи. Во периодот од 2013 година наваму,  Орце Симов е член или претседател на управни одбори во неколку институции каде дал свој придонес во развојот на тие институции. Еден од позначајните ангажмани е во Фондот за иновации и технолошки развој каде учествувал и како член и како претседател на управниот одбор во основањето на институцијата и креирање и носење на сите документи за основање и инструменти за финансирање. Досега учествувал на голем број домашни и меѓународни конференции, дебати и панел дискусии од областа на Информатиката, автоматиката, телекомуникациите, бизнисот и претприемништвото.

Од 2016 година има лиценца за вештачење од областа на информатичките технологии и има работено на многу судски предмети од таа област.

Орце Симов е добитник на признанието за придонес во научно-образовна дејност и промоција на Македонска Каменица. Исто така е добитник на плакетата за најдоброто во науката во Источниот регион за 2023 година.

Во моментот Орце Симов е редовен професор на Факултетот за информатика при Меѓународен славјански универзитет на кој предава повеќе предмети на додипломски и постдипломски студии, како Биоинформатика, Оперативни системи, Архитектура на компјутери, Основи на програмирање и Објектно програмирање. Во Ноември 2024 година од страна на собранието на Република Македонија е избран за член на комисијата за електронски комуникации. Истиот месец е избран и за претседател на комисјата. Од 2022 година е претседател на ИКТ комората и потпретседател на Сојузот на стопански комори каде е и еден од основачите, во септември 2004 година и член на управниот одобр од 2009 година. Бил член и на управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. Член е на советот на Националната агенција на иноватори на Македонија – НАИМ. Главни негови заложби во овој период се негување и унапредување на претприемничкиот дух, зголемување на иновациите, креирање на македонски ИКТ производи и поттикнување на свеста за постојаната потреба од промени и реформи. Неговата работа во голем дел е посветена кон подобрување и оптимизирање на бизнис средината во која функционираат

македонските компании, за да истите бидат поефикасни и поконкурентни на светскиот пазар, за да се оствари поголем бруто домашен производ, поголем економски раст со што ќе се спречи одливот на население и ќе се подобри благосостојбата во општеството. Цел на оваа работа е да се направи Македонија просперитетна, посакувана, подобра и пожелна држава за живеење.